## Полугодишен извештај јануари - јуни 2025 година / Raport gjysmë vjetori janar -qershor 2025

## 23.01.2025 - Проекција на филм “Сите го викаат Реџо” / Projeksion i filmit"Të gjithë e thirrin Rexhën"

https://www.facebook.com/events/2092594787859294

Во центарот за култура Кичево се прикажа премиерата на филмот „Сите го викаат Реџо“ (филм со превод на македонски јазик).

Në qendrën e kulturës – Kërçovë u shaq premiera e filmit "Të gjithë e thirrin Rexhën" (film me titra maqedonase).

### 21.02.2025 - Ден на мајчиниот јазик “Без јазик сме никој и ништо“

https://www.facebook.com/events/1369444947762711
По повод 21 февруари – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, во НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево беше организирана културно-образовна манифестација. На манифестацијата учествуваа ученици од I до IX одделение од ОУ „Христо Узунов“, ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ и ОУ „Кузман Јосифовски – Питу“ под менторство на наставничката Ивана Витанска. Со оваа манифестација се истакна значењето на мајчиниот јазик како средство за зачувување на културниот идентитет, како и поттикнување на љубовта кон читањето и пишувањето кај младите.

Me rastin e 21 Shkurtit – Ditës Ndërkombëtare të Gjuhës Amtare, në Qendrën Kulturore Kombëtare „Koço Racin“ – Kërçovë u organizua një manifestim kulturoro-arsimor. Në këtë manifestim morën pjesë nxënësit nga klasa I - IX të SHF „Hristo Uzunov“, SHF „Dr. Vladimir Polezhinoski“ dhe SHF „Kuzman Josifovski – Pitu“ nën mentorimin e mësueses–magjistrante Ivana Vitanska.
Ky manifestim theksoi rëndësinë e gjuhës amtare si mjet për ruajtjen e identitetit kulturor, si dhe për nxitjen e dashurisë ndaj leximit dhe shkrimit tek të rinjtë.
https://www.facebook.com/media/set/?set=a.655864746788545&type=3








**06.03.2025 - Литературна средба “Поетски ѕвезди жена,,**

Овој настан веќе неколку години наназад традиционално се одржува во организација на Литературниот клуб „Китка“, во соработка со НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево. Главни организатори на манифестацијата се **Оливера Ширговска** и **Алексо Тришски**, кои со својата посветеност и ентузијазам придонесуваат за успешната реализација на овој културен настан. Во рамките на програмата учество земаа писатели од повеќе градови низ државата, како и автори од нашиот град – Кичево. Настанот претставува значајна можност за литературна размена, афирмација на младите таленти и збогатување на културниот живот во нашиот регион.

Ky aktivitet prej disa vitesh, tradicionalisht organizohet nga Klubi Letrar "Kitka", në bashkëpunim me INQK "Koço Racin" - Kërçovë. Organizatorët kryesorë të aktivitetit janë Olivera Shirgovska dhe Alekso Trishoski, të cilët me përkushtimin dhe entuziazmin e tyre kontribuojnë në realizimin me sukses të këtij aktiviteti kulturor. Në program morën pjesë shkrimtarë nga disa qytete të vendit, si dhe autorë nga qyteti ynë - Kërçova. Ky aktivitet paraqet një mundësi të rëndësishme për shkëmbim letrar, afirmim të talenteve të rinj dhe pasurim të jetës kulturore në rajonin tonë.









https://www.facebook.com/media/set/?set=a.663232309385122&type=3

## 25.03.2025 & 04.04.2025 Манифестации на македонски и албански јазик по повод „Светскиот ден на поезијата“ / Manifestime në maqedonisht dhe shqip me rastin e "Ditës Botërore të Poezisë"

По повод **„Светскиот ден на поезијата“**, НУЦК „Кочо Рацин“ организираше два настани – поетски вечери со натпреварувачки карактер. На **25.03.2025** се одржа натпреварот за најдобра интерпретација на поезија на учениците на **албански јазик**, додека на **04.04.2025** истиот натпревар се реализира со учениците на **македонски јазик**. Поради трагедијата во Кочани и прогласените денови на жалост, настаните се одржаа подоцна од првично предвиденото. / Me rastin e "Ditës Botërore të Poezisë", INQK "Koço Racin" organizoi dy ngjarje - mbrëmje poezie me karakter garues. Më 25.03.2025 u mbajt konkursi për interpretimin më të mirë të poezisë me nxënësit në gjuhën shqipe, ndërsa më 04.04.2025 u mbajt i njëjti konkurs me nxënësit në gjuhën maqedonase. Për shkak të tragjedisë në Koçan dhe ditëve të shpallura të zisë, ngjarjet u mbajtën më vonë se sa ishin planifikuar fillimisht.

**На 25.03.2024 година (вторник) со почеток во 19:30 часот**, се одржа натпреварот за најдобра интерпретација со ученици од средните и основните училишта во градот на албански јазик, каде што изборот на најдобрите го направи жирито во состав: Ќамил Алиу - професор, Ерјона Ахмети - актерка и проф. Адем Џеладини - писател. Оваа активност беше прва по трагедијата во Кочани и започна со оддавање почит на жртвите, каде што на присутните им се обрати и директорот на центарот за култура, г-дин Мазлам Османи. Сценографијата беше подготвена во тој дух, поставувајќи свеќи во форма на бројот 59 симболично во спомен на 59-те млади луѓе кои ги загубија своите животи во тој трагичен настан. На овој натпревар, првото место го освои Шефкије Алими со песната „Зошто ја нема мајката?“, второто место Неџбије Лика со песната „Одмазда“ и третото место Саранда Елези со песната „Жена“. Првите три места беа наградени со подарок и пофалница, додека сите други учесници добија благодарница. Сите интерпретации беа пратени во живо со музика на гитара и пиано од уметниците Јетмир Мехмеди и Бурим Мехмеди.




Më datë 25.03.2024 ( e martë) me fillim në ora 19:30 fillimisht u mbajt manifestimi mbrëmje garuese në interpretim poezish me nxënësit e shkollës së mesme dhe shkollave fillore të qytetit në gjuhën shqipe ku përzgjedhjen e më të mirëve e bëri juria në përbërje: Qamil Aliu- profesor, Erjona Ahmeti – aktore, dhe prof. Adem Xheladini- shkrimtar. Ky aktivitet ishte i pari pas tregjedisë në Koçan dhe filloi me një homazh për viktimat ku të pranishmive ju drejtua edhe drejtori i qendrës së kultursë z. Mazllam. Edhe skenografia

ishte përgatitur në ate frymë duke vendosur qirinj në formën e numrit 59 simbolikisht për të kujtuar 59 të rinjtë që humbën jetën në ate rast tragjik. Në këtë garë vendin e parë e fitoj Shefkije Alimi me poezinë ”Pse mungon Nëna ?”, vendin e dytë Nexhbije Lika me poezinë “Hakërrimi” dhe vendin e tretë Saranda Elezi me poezinë “Femër”, tre vendet e para u shpërblyen me nga një dhuratë dhe nga një lëvdatë, ndërsa të gjithë pjesëmarrësit tjerë morrën nga një mirënjohje. Të gjitha interpretimet u përcollën me muzikë në kitarë dhe piano nga artistët Jetmir Mehmedi dhe Burim Mehmedi.




Media : https://www.facebook.com/reel/3839392892992259
Foto link: https://www.facebook.com/media/set/?vanity=100026420543169&set=a.1656456928578309

**04.04.2025 – Во скоп на истиот проект се одржа натпреварот за најдобра интерпретација со ученици на македонски јазик,** манифестацијата беше реализирана со задоцнување – на 04.04.2025 година на скромен и достоинствен начин поради трагичниот настан што се случи во Кочани на 16.03.2025 година. Организацијата на настанот се одвиваше преку конкурс за избор на најдобро рецитирање за што беше формирана тричлена комисија во состав: Михајло Петрески, Оливера Ширговска и Ристе Ѓорѓиевски, кои ги избраа учесниците на завршната манифестација. Покрај рецитаторскиот дел, програмата беше збогатена и со музички изведби на млади уметници. На крајот од манифестацијата најдобрите три рецитаторски настапи беа наградени од центарот за култура, а сите останати учесници добија пофалници и благодарници за нивното учество. Благодарници беа доделени и на членовите на комисијата за нивниот придонес.

1. Прво место – групата „Цветови“ од ООУ „Кузман Јосифоски Питу“
2. Второ место – Нина Станкоска од ООУ „Кузман Јосифоски Питу“
3. Трето место – Анастасија Наќеска од ООУ „Кузман Јосифоски Питу“.





Në kuadër të të njëjtit projekt, u mbajt një konkurs për interpretimin më të mirë me nxënësit në gjuhën maqedonase, i cili u realizua me vonesë - më 04.04.2025 në një mënyrë modeste dhe dinjitoze për shkak të ngjarjes tragjike që ndodhi në Koçan më 16.03.2025 dhe humbjes së jetëve të reja. Organizimi i aktivitetit u zhvillua përmes një konkursi për përzgjedhjen e recitimit më të mirë. Për realizimin e të cilit u formua një komision prej tre anëtarësh, i përbërë nga: Mihajlo Petreski, Olivera Širgovska dhe Riste Gjorgjievski, të cilët përzgjodhën pjesëmarrësit e aktivitetit përfundimtar. Aktiviteti u mbajt në Sallën e Madhe, ku rreth 20 pjesëmarrës të përzgjedhur performuan me recitime sipas zgjedhjes së tyre. Përveç pjesës së recitimit, programi u pasqyrua me performanca muzikore në piano nga artistët e rinj Luka Lazareski, Mihail Treneski dhe Naum Stefanoski, të cilët prezantuan pjesë muzikore në piano dhe kitarë. Në fund të aktivitetit, tre performancat më të mira të recitimit u vlerësuan me çmime të siguruara nga Qendra Kulturore, ndërsa të gjithë pjesëmarrësit e tjerë morën mirënjohje për pjesëmarrjen e tyre. Certifikata mirënjohjeje u ndanë edhe për anëtarët e komisionit për kontributin e tyre.

1. Vendi i parë – grupi “Lule” nga Shkolla Fillore “Kuzman Josifoski Pitu”
2. Vendi i dytë – Nina Stankoska nga Shkolla Fillore “Kuzman Josifoski Pitu”
3. Vendi i tretë – Anastasia Nakeska nga Shkolla Fillore “Kuzman Josifoski Pitu”.









Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.687822253592794&type=3
Web: https://kultura-k.com/mk/2025/04/%d1%81%d0%b2%d0%b5%d1%82%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b4%d0%b5%d0%bd-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%b5%d0%b7%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-4/#more-11003

## 05.04.2025 - 05.04.2025 – Манифестација „Успешна жена 2025“ / Manifestimi „Grua e Suksesshme 2025“

Настанот „Успешна жена 2025“ беше реализиран во Центарот за култура „Кочо Рацин“ – Кичево. Манифестацијата имаше за цел да ги афирмира жените кои се успешни во своите професии и придонесуваат за општеството преку својата работа, креативност и општествен ангажман. На настанот се одржаа презентации, музички и културни изведби, како и наградување на изразито успешни жени од различни области.
[Фото линк]

Manifestimi „Grua e Suksesshme 2025“ u organizua në Qendrën Kulturore „Koço Racin“ – Kërçovë. Aktiviteti kishte për qëllim të afirmonte gratë që janë të suksesshme në profesionet e tyre dhe kontribuojnë në shoqëri përmes punës, kreativitetit dhe angazhimit social. Në këtë ngjarje u zhvilluan prezantime, performanca muzikore dhe kulturore, si dhe u shpërndanë mirënjohje për gratë me arritje të jashtëzakonshme nga fusha të ndryshme.








https://www.facebook.com/media/set/?set=a.713050831069936&type=3

## 13.04.2025 – Гостување на КУД „Рацин“ на Национален фолклорен фестивал „Велигденски фолклорни средби“ – Демир Хисар / Pjesëmarrja e SHKA „Racin“ në Festivalin Kombëtar Folklorik „Takimet Folklorike të Pashkëve“ – Demir Hisar

Културно-уметничкото друштво „Рацин“ при НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево учествуваше на Националниот фолклорен фестивал „Велигденски фолклорни средби“ во Демир Хисар. Настанот имаше за цел промоција на македонската фолклорна традиција, размена на искуства и збогатување на културната сцена. Членовите на КУД „Рацин“ претставија изведби на традиционални песни и ора, добивајќи позитивни оценки од публиката и организаторите.

Shoqëria Kulturore Artistike „Racin“ pranë NUÇK „Koço Racin“ – Kërçovë mori pjesë në Festivalin Kombëtar Folklorik „Takimet Folklorike të Pashkëve“ në Demir Hisar. Ngjarja kishte për qëllim promovimin e traditës folklorike maqedonase, shkëmbimin e përvojave dhe pasurimin e skenës kulturore. Anëtarët e KUD „Racin“ prezantuan këngë dhe valle tradicionale, duke marrë vlerësime pozitive nga publiku dhe organizatorët.




https://www.facebook.com/media/set/?set=a.717768603931492&type=3

## 26.04.2025 - Самостојна изложба „Текстура во сликарството“ – Арбреша Амети / Ekspozitë individuale „Tekstura në pikturë“ – Arbresha Ameti

**Event**: https://www.facebook.com/events/1416728266433569

Во организација на НУЦК “Кочо Рацин“ Кичево Арбреша Амети организираше самостојна изложба под наслов „Текстура во сликарството“ проект финансиран од страна на Мин. за култура и туризам на РСМ. Изложбата претстави уникатни дела кои ја истражуваат површинската и визуелната димензија на бојата и материјалот, при што посетителите имаа можност да се запознаат со индивидуалниот израз и уметничката визија на авторката.

Në organizim të INQK “Koço Racin” Kërçovë Arbresha Ameti organizoi ekspozitë individuale me titull „Tekstura në pikturë“ projekt I financuar nga Min. e kulturës dhe turizmit të RMV-së. Ekspozita prezantoi vepra unike që eksplorojnë dimensionin vizual dhe sipërfaqësor të ngjyrës dhe materialit, duke ofruar vizitorëve mundësinë të njohin shprehjen individuale dhe vizionin artistik të autores.






Photo: https://www.facebook.com/share/p/1H2EH5vDCK/
Web : https://kultura-k.com/wp-admin/post.php?post=11021&action=edit
Media: https://www.facebook.com/share/v/18ZpF2fXDM/

**26.04.2025 - Традиционален Велигденски концерт насловен „Писмо дојде“ со КУД „Рацин“ при НУЦК “Кочо Рацин“ Кичево / Koncerti tradicional i Pashkëve i titulluar „Ka ardhur letër“ me SHKA „Racin“ pranë INQK “Koço Racin” Kërçovë**
https://www.facebook.com/events/9917972584982514
КУД „Рацин“ при НУЦК “Кочо Рацин“ Кичево под раководство на кореографите Антонио Стојчески и Анастасија Бошковска, одржа традиционален Велигденски концерт насловен „Писмо дојде“ проект поддржан од Министерството за култура и туризам на РСМ. Публиката имаше можност повеќе од еден час да ужива во изведбите на игроорците поделени во три групи, кои подолг период работат со кореографите. Оркестарот, под раководство на Јован Митрески, ја надополни програмата со висококвалитетни музички изведби, создавајќи богато и разновидно културно искуство.





SHKA „Racin“ pranë INQK “Koço Racin” - Kërçovë nën drejtimin e koreografëve Antonio Stojceski dhe Anastasia Boshkoska, realizoi koncertin tradicional të Pashkëve me titull „Ka ardhur letër“ project i mbështetur nga Ministria e Kulturës dhe Turizmit e RMV-së. Publiku pati mundësinë për më shumë se një orë të shijojë performancat e valltarëve, të ndarë në tre grupe, të cilat punojnë prej kohësh me koreografët. Orkestra, nën drejtimin e Jovan Mitreskit, plotësoi programin me performanca muzikore të larta, duke krijuar një përvojë kulturore të pasur dhe të larmishme.








Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.702899122085107&type=3
Media:https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/tradicionalen-veligdenski-koncert-pismo-dojde-na-kud-racin
https://porta.mk/v-sabota-na-scena-tradicionalniot-veligdenski-koncert-na-kud-racin

## 07.05.2025 – Манифестација по повод “5-ти Мај - Денот на македонската азбука и јазик“ / Manifestim me rastin e "5 Majit – Ditës së Alfabetit dhe Gjuhës Maqedonase"

Event: https://www.facebook.com/events/1214510880280240

По повод “Денот на македонската азбука и јазик“ НУЦК „Кочо Рацин“ во соработка со ОСУ „Мирко Милески“организираа настан кој беше осмислен да ја презентира македонската азбука и јазик, со едукативна и културна програма. Дел од програмата беше музички перформанс изведен од млади музички групи од ОСУ „Мирко Милески“. Проектот е поддржан од Министерството за култура и туризам и е реализиран од страна на НУЦК „Кочо Рацин“ во соработка со ОСУ „Мирко Милески“.

Me rastin e "Ditës së Alfabetit dhe Gjuhës Maqedonase", INQK "Koço Racin" në bashkëpunim me SHMK "Mirko Mileski" organizoi një aktivitet që ishte i menduar për të prezantuar alfabetin dhe gjuhën maqedonase, me një program edukativ dhe kulturor. Pjesë e programit ishte një shfaqje muzikore e interpretuar nga grupe të reja muzikore nga SHMK "Mirko Mileski". Projekti mbështetej nga Ministria e Kulturës dhe Turizmit dhe organizuar.






https://www.facebook.com/media/set/?set=a.709847684723584&type=3

## 09.05.2025 - Регионален натпревар на млади библиотекари / Gara rajonale të bibliotekistëve të rinj

На 9 мај 2025 година, во организација на Библиотекарското здружение на Македонија НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево беа домаќини на 24-тиот Републички натпревар „Млади библиотекари“. Претходно библиотеката при НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево организираше и општински натпревар каде како и претходна година имаше обука за сите учесници на макдонски и албански јазик. Победникот земаше учество на републичкиот натпревар.
На Републичкиот натпревар учествуваа 24 ученици од различни општини во Македонија, со свои ментори и библиотекари. Од нив, 21 учесник полагаше на македонски јазик, а 3 на албански јазик. Натпреварот се одвиваше во најдобар ред и по проверката на тестовите беа доделени награди за првите три места.
Првото место го освои Ана Цветковска со менторката Наташа Стојковска (ОУ „Димитар Влахов“ – с. Љубојно, Ресен). Второто место му припадна на Борис Василев со менторката Каменита Костадинова Атанасова (ООУ „Никола Карев“ – Радовиш), а третото на Теодора Гацовска со менторката Симона Стаменовиќ-Силјановска (ООУ „Коле Канински“ – Битола).
За најуспешните тројца беа доделени Потврди и пригодни подароци, а благодарение на донацијата од „Тримакс“, учениците добија и атласи како дополнителна награда.
Настанот беше реализиран, како и со континуираната поддршка од НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Целта на натпреварот е да се поттикне љубовта кон книгата и библиотеките, да се развие читачката култура кај младите и да се охрабри нивниот истражувачки дух.





Më 9 maj 2025, në organizim të Shoqatës së Bibliotekave të Maqedonisë, INQK "Koço Racin" - Kërçovë ishte nikoqir i Garës së 24-të Republikane "Bibliotekarët e Rinj". Më parë, biblioteka pranë BQK "Koço Racin" - Kërçovë organizoi edhe një garë komunale ku, ashtu si vitin e kaluar, pati trajnime për të gjithë pjesëmarrësit në gjuhën maqedonase dhe shqipe. Fituesi mori pjesë në garën republikane.
Në Garën Republikane morën pjesë 24 nxënës nga komuna të ndryshme të Maqedonisë, së bashku me mentorët dhe bibliotekarët e tyre. Prej tyre, 21 konkuruan në gjuhën maqedonase dhe 3 në gjuhën shqipe. Pas vlerësimit të testeve, u ndanë çmimet për tre vendet e para.
Vendin e parë e fitoi Ana Cvetkovska me mentoren Natasha Stojkovska (Shkolla „Dimitar Vllahov“ – f. Lubojno, Resen). Vendin e dytë e mori Boris Vasilev me mentoren Kamenita

Kostadinova Atanasova (Shkolla „Nikola Karev“ – Radovish), ndërsa vendin e tretë Teodora Gacovska me mentoren Simona Stamenoviq-Siljanovska (Shkolla „Kole Kaninski“ – Manastir). Për tre më të suksesshmit u ndanë Çertifikata dhe dhurata modeste, ndërsa falë donacionit nga „Trimaks“, fituesit u shpërblyen edhe me atlase si dhuratë shtesë.
Aktiviteti u realizua me mbështetjen e madhe të drejtorit dhe punonjësve të NUKK „Koço Racin“ – Kërçovë, si dhe me përkrahjen e vazhdueshme të BNU „Shën Klimenti i Ohrit“ – Shkup.










## 17.05.2025 - Изложба “Бисери - втор волумен” Арбана Дехари / Ekspozita „Perla – vëllimi i dytë“ nga Arbana Dehari

https://www.facebook.com/events/1218476469108422

Во организација на НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево, се одржа самостојната изложба на ликовната уметничка Арбана Дехари со наслов *„Бисери – втор волумен“*. Проектот финансиран преку годишната програма на Министерството за култура и туризам на РСМ. Изложбата ја отворија модераторките Валдета Ибиши и Маја Силјаноски, кои ја претставија биографијата на авторката. Поздравно обраќање имаше директорот на Центарот за култура, г-дин Мазлам Османи, кој им се заблагодари на присутните и на Министерството за континуираната поддршка, како и на авторката за нејзиниот придонес. Авторката Арбана Дехари потоа зборуваше за своето творештво, при што на изложбата беа презентирани 20 уметнички дела – портрети на деца во техника масло на платно.

Делата се одликуваа со изразена емотивност, наивност и искреност, преку кои авторката ја истакна љубовта кон децата и нивната слобода на изразување. Дел од овие дела претходно беа изложени и на национални и меѓународни изложби.

Në organizim të INQK „Koço Racin“ – Kërçovë, u hap ekspozita personale e artistes Arbana Dehari me titull *„Perla – vëllimi i dytë“* financuar përmes programit vjetor të Ministrisë së Kulturës dhe Turizmit të RMV-së. Ekspozitën e hapën moderatoret Valdeta Ibishi dhe Maja Siljanoski, të cilat prezantuan biografinë e autores. Një fjalë përshëndetëse mbajti edhe drejtori i Qendrës së Kulturës, z. Mazllam Osmani, i cili falënderoi të pranishmit dhe Ministrinë për mbështetjen e vazhdueshme, si dhe autoren për kontributin e saj artistik. Autorja Arbana Dehari foli për krijimtarinë e saj, duke prezantuar 20 vepra arti – portrete të fëmijëve të realizuara me teknikën vaj në pëlhurë. Veprat u karakterizuan nga një shprehje e theksuar emocionale, naivitet dhe sinqeritet, përmes të cilave autorja nënvizoi dashurinë për fëmijët dhe lirinë e tyre në shprehjen e emocioneve. Një pjesë e këtyre veprave ishin ekspozuar edhe në ekspozita kombëtare dhe ndërkombëtare.






https://www.facebook.com/media/set/?set=a.716972060677813&type=3

## 21.05.2025 - 23-та Регионална средба на пензионери – „Песна, музика и игри“ / Takimet e 23-ta Rajonale e Pensionistëve me titull "Këngë, Muzikë dhe Lojëra"

Во организација на здружението на пензионери – Кичево со подршка на НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево се одржаа 23-та Регионална средба на пензионери насловена „Песна, музика и игри“ каде се претстави богата музичка програма, песни и игри кои ја истакнаа културната традиција и творештвото на постарите генерации. Настанот имаше за цел да го промовира активниот живот на пензионерите преку културата и уметноста. Присутните имаа можност да уживаат во изведби на пензионерските здруженија од различни региони, кои преку песна и игра го пренесоа духот на традицијата и нивната љубов кон уметноста.

Nën organizimin e Shoqatës së Pensionistëve - Kërçovë me mbështetjen e INQK "Koço Racin" - Kërçovë, u mbajt Takimet e 23-ta Rajonale e Pensionistëve me titull "Këngë, Muzikë dhe Lojëra", ku u prezantua një program i pasur muzikor, këngë dhe lojëra që nxorën në pah traditën kulturore dhe kreativitetin e brezave të vjetër. Eventi kishte për qëllim promovimin e jetës aktive të pensionistëve përmes kulturës dhe artit. Të pranishmit patën mundësinë të shijonin shfaqje nga shoqata pensionistësh nga rajone të ndryshme, të cilët, përmes këngës dhe valles, përcollën frymën e traditës dhe dashurinë e tyre për artin.









https://www.facebook.com/media/set/?set=a.719740657067620&type=3

## 22.05.2025 - Работилница од едукативен карактер „Под едно небо“ – Меѓународен вселенски сојуз / Punëtori me karakter edukativ „Nën një qiell“ – Unioni Ndërkombëtarë i Hapësirës

Во организација на здружението Меѓународен вселенски сојуз се одржа едукативна работилница со наслов „Под едно небо“. Работилницата беше наменета за ученици од основното и средното образование и имаше за цел да ја разбуди љубопитноста на младите за астрономијата, вселената и современите научни достигнувања. Преку предавања, презентации и практични активности, учесниците имаа можност да се запознаат со основите на вселенските науки, значењето на планетите и ѕвездените системи, како и улогата на меѓународната соработка во истражувањето на универзумот. Оваа активност ја збогати културно-образовната програма на Центарот за култура и придонесе кон развивање на интересот кај младите за науката и технологијата.

Në organizim të shoqatës Unioni Ndërkombëtar i Hapësirës u organizua një seminar edukativ me titull "Nën një qiell". Seminari ishte i dedikuar për nxënës të shkollave fillore dhe të mesme dhe kishte për qëllim të ngjallte kuriozitetin e të rinjve rreth astronomisë, hapësirës dhe arritjeve shkencore moderne. Përmes leksioneve, prezantimeve dhe aktiviteteve praktike, pjesëmarrësit patën mundësinë të mësonin rreth bazave të shkencave hapësinore, rëndësisë së planetëve dhe sistemeve yjore, si dhe rolit të bashkëpunimit ndërkombëtar në eksplorimin e universit. Ky aktivitet pasuroi programin kulturor dhe edukativ të Qendrës së kulturës dhe kontribuoi në zhvillimin e interesit tek të rinjtë për shkencën dhe teknologjinë.









https://www.facebook.com/media/set/?set=a.719759407065745&type=3

**21-24. 05.2025 & 24-27. 05.2025 - Гостување на игроорците при школите за народни ора на македонски и албански при НУЦК “Кочо Рацин“ Кичево на фестивали во Албанија и Косово / Pjesmarrje e valltarëve të shkollave të valleve popullore maqedonase dhe shqiptare, pranë INQK "Koço Racin" Kërçovë, në festivale në Shqipëri dhe Kosovë.**

Играорците при КУД „Рацин“ и КУД „Ускана е ре“, кои се дел од школите за народни ора на македонски и албански јазик при НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево, во рамките на меѓународната соработка и промоција на културното наследство реализираа низа настапи надвор од државата. Од 21-23.05.2025 год. најпрвин ансамблите учествуваа на Меѓународниот фестивал „Играме и танцуваме“ во Драч, Р. Албанија, а на 24.05.2025 настапите продолжија и во Лач како гости на Детскиот културен центар Курбин, со што беше заокружена тридневната турнеја во Албанија.
Додека од 25-27.05.2025 други 2 групи на КУД „Рацин“ и КУД “Ускана е ре“ реализираа турнеја во Косово, каде настапија како гости на Детскиот културен центар во Приштина и Ансамблот за народни песни и ора „Минатори и ри“ од Кишница.
Би напоменале дека овие гостувања се дел од една регионална соработка помеѓу НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево и Детскиот културен центар во Драч и Културниот центар Курбин од Р. Албанија како и Детскиот културен центар - Приштина и Ансамблот за народни песни и ора „Минатори и ри“ од Кишница од Р. Косово.
Турнејата се заокружува со настапи на скоро сите земји учеснички од веќе спомenатите фестивали на 18-тиот Меѓународен фолклорен фестивал „Д-р Владимир Полежиноски“ кој традиционално го организира НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево, и претставува значајна регионална соработка. Овие активности се важен дел од меѓународниот културен мозаик и овозможуваат размена на искуства, афирмација на богатството на балканскиот фолклор и промоција на младите љубители на фолклорот на регионално и меѓународно ниво.

https://www.facebook.com/media/set/?set=a.763738892667796&type=3
https://www.facebook.com/photo/?fbid=1258612136266940&set=pcb.1258612356266918
https://www.facebook.com/photo/?fbid=720264177015268&set=pcb.720264430348576
https://www.facebook.com/photo/?fbid=720263457015340&set=pcb.720264430348576













## 27-28.05.2025 – 18-ти Меѓународен фолклорен фестивал на народни песни и ора Д-р Владимир Полежиноски / Festivali i 18-të Ndërkombëtar Folklorik i Këngëve dhe Valleve Popullore Dr. Vladimir Polezhinoski

https://www.facebook.com/events/1023074536619403

Фестивалот се организира од Центарот за култура „Кочо Рацин" – Кичево, финансиран од Министерството за култура и туризам, со поддршка на Општина Кичево. На 18-тиот Меѓународен фолклорен фестивал „Д-р Владимир Полежиноски" учествуваа културно-уметнички друштва од седум земји: Бугарија, Украина, Турција, Полска, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово. Покрај нив, во програмата беа вклучени и бројни културно-уметнички друштва од Македонија, со што во текот на двете фестивалски вечери публиката имаше можност да ужива во богата и разновидна програма што ги претстави традициите и културното наследство на различни народи. Фестивалот, кој веќе традиционално се одржува секоја година, претставува најзначаен културен настан во градот но и еден мост меѓу земјите од регионот и пошироко, поттикнувајќи интеркултурен дијалог, соработка и меѓусебно почитување преку музиката, песната и народните игри.

Festivali organizohet nga Qendra e Kulturës "Koço Racin" - Kërçovë, financuar nga Ministria e Kulturës dhe Turizmit, me mbështetjen e Komunës së Kërçovës. Në Festivalin e 18-të Ndërkombëtar Folklorik "Dr. Vladimir Polezhinovski" morën pjesë shoqëri kulturore dhe artistike nga shtatë vende si: Bullgaria, Ukraina, Turqia, Polonia, Shqipëria, Bosnja dhe Hercegovina dhe Kosova. Përveç tyre, në program u përfshinë edhe shoqëri të shumta kulturore dhe artistike nga Maqedonia, kështu që gjatë dy mbrëmjeve të festivalit publiku pati mundësinë të shijonte një program të pasur dhe të larmishëm që prezantoi traditat dhe trashëgiminë kulturore të popujve të ndryshëm. Festivali, i cili tashmë mbahet tradicionalisht çdo vit, është

ngjarja më e rëndësishme kulturore në qytet, por edhe një urë lidhëse midis vendeve të rajonit dhe më gjerë, duke inkurajuar dialogun ndërkulturor, bashkëpunimin dhe respektin e ndërsjellë përmes muzikës, këngës dhe valleve popullore.

















































Photo: I-ва вечер/e parë
https://www.facebook.com/media/set/?set=a.727067849668234&type=3
Photo: II-ра вечер/e dytë
https://www.facebook.com/media/set/?set=a.727120819662937&type=3
Web: https://kultura-k.com/sq/2025/05/nata-e-pare-e-festivalit-te-18-te-nderkombetar-folklorik-te-kengeve-dhe-valleve-popullore-dr-vladimir-polezhinoski/#more-11128
Media:
https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/so-sinokjeshniot-koncert-spushtena-e-zavesata-na-18-to-izdanie-na-megjunarodniot-folkloren-festival-vo-kichevo/?fbclid=IwY2xjawL-rs9leHRuA2FlbQIxMABicmlkETFwZjNCUGdIeThaU255QXR0AR6kOBERAVdLN23bUAk0ATqa4tK_3VDLy5rErO0EisLo-OCAl8K17ywWySXTeA_aem_6G8kGglDw1xbRa6K5XDYLA
https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/so-defile-niz-gradskite-ulici-zapochna-megjunarodniot-folkloren-festival-vo-kichevo/?fbclid=IwY2xjawL-r4dleHRuA2

**09.06.2025 - Музички перформанс и работилница со Хуго Кореа / Performancë muzikore dhe seminar me Hugo Correa-n**
**https://www.facebook.com/events/740114405025477**




**13.06.2025 - Поетска Рацинова вечер по повод патрониот празник на НУЦК “Кочо Рацин” – Кичево / Mbrëmja e Poezisë së Racinit me rastin e festës së patronazhit të INQK “Koço Racin” – Kërçovë**
https://www.facebook.com/events/971227371606968

По повод патрониот празник на Центарот за култура „Кочо Рацин“ – Кичево, кој го носи името на поетот Кочо Рацин, веќе традиционално се организира манифестацијата „Поетска Рацинова вечер“. Со оваа вечер беше оддадена почит на великанот Коста Солев Рацин, кој со своето творештво остави длабок и траен белег врз сите генерации. Програмата на манифестацијата имаше мултидисциплинарен карактер и опфати поетски интерпретации, драматуршки дел, изведби на фолклорни ора и музички настапи каде настапија ученици и уметници од Кичево. Модератор на оваа манифестација беше писателката Оливера Ширговска. Оваа традиционална манифестација претставува значаен дел од културната програма на Центарот и има за цел да го негува и промовира литературното и културното наследство на Кочо Рацин, поттикнувајќи ја љубовта кон поезијата и уметноста кај младите и пошироката јавност.

Me rastin e festës patronale të Qendrës së Kulturës “Koço Racin” – Kërçovë, e cila mban emrin e poetit Koço Racin, tashmë tradicionalisht u organizua manifestimi “Mbrëmja Poetike e Racinit”. Gjatë kësaj mbrëmjeje iu dha nderim figurës së madhe, Kosta Solev Racin, i cili me

krijimtarinë e tij ka lënë gjurmë të thella dhe të qëndrueshme tek të gjitha gjeneratat. Programi i manifestimit kishte karakter multidisiplinar dhe përfshinte interpretime poetike, pjesë dramaturgjike, valle folklorike dhe interpretim muzikor ku morën pjesë nxënës dhe artistë nga Kërçova. Moderatore e këtij manifestimi ishte shkrimtarja Olivera Shirgovska. Ky manifestim tradicional përbën pjesë të rëndësishme të programit kulturor të Qendrës së kulturës dhe ka për qëllim të kultivojë dhe promovojë trashëgiminë letrare e kulturore të Koço Racinit, duke nxitur dashurinë për poezinë dhe artin tek të rinjtë dhe publiku i gjerë.




Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.742487618126257&type=3
Web: https://kultura-k.com/mk/2025/06/манифестација-поетска-рацинова-вече/#more-11073
https://kultura-k.com/sq/2025/06/manifestimmbremja-poetike-per-racinit/

## 14.06.2025 - Промоција на две стихозбирки од Војо Богданоски / Promovimi i dy përmbledhjeve me poezi nga Vojo Bogdanovski

https://www.facebook.com/events/728586779705279

Во просториите на НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево се одржа промоција на две нови стихозбирки од авторот Војо Богданоски, насловени „Тишина на мојата душа“ и „Раните се завиткуваат во каење“. Настанот беше од литературен и културен карактер, со цел да се афирмира современото творештво и да се даде поддршка на домашните автори. Промоцијата предизвика интерес кај љубителите на поезијата и пошироката јавност, кои имаа можност да се запознаат поблиску со лирскиот израз и творечката инспирација на авторот.

Në hapësirat e Qendrës së Kulturës “Koço Racin” – Kërçovë u mbajt promovimi i dy përmbledhjeve të reja poetike nga autori Vojo Bogdanoski, të titulluara “Heshtja e shpirtit tim” dhe “Plagët mbështillen në pendesë”. Ngjarja kishte karakter letrar dhe kulturor, me qëllim afirmimin e krijimtarisë bashkëkohore dhe mbështetjen e autorëve vendorë. Promovimi ngjalli interes tek adhuruesit e poezisë dhe publiku i gjerë, të cilët patën mundësi të njihen më afër me shprehjen lirike dhe frymëzimin krijues të autorit.









Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.742496328125386&type=3

**13-15.06.2025 - Прва фаза од Младинска керамичка работилница (изработка на керамички предмети) /  Faza e parë e Punëtorisë Rinore të Qeramikës (punimi i produkteve të qeramikës)**

**Заврши првата фаза на Младинската керамичка работилница**, проект реализиран во рамки на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево, финансиран од Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија. Во оваа фаза учество земаа учениците од средните училишта „Дрита“ и „Мирко Милески“.
Ова издание беше збогатено со присуството на заменик-министерот за образование, г. Љуљзим Аљиу, кој ја истакна важноста на одржливата соработка меѓу образованието и културата како темел за развој на креативната младина и зачувување на духовното наследство. Работилницата се одржа во селото Вранештица, познато по својата грнчарска традиција. Активностите се реализираа под менторство на проф. Филип Фиданоски (иницијатор и идеен творец), проф. Љуљзиме Османи и проф. Мирослав Крстески, како и со професионална поддршка од мајсторот грнчар Слободан Столески. Учениците имаа можност да ги совладаат традиционалните техники на работа со глина и да создадат автентични дела кои го пренесуваат духот на нашето културно наследство.
**Përfundoi faza e parë e Punëtorisë Rinore të Qeramikës**, projekt i realizuar në kuadër të Institucionit Nacional Qendra e Kulturës “Koço Racin” – Kërçovë dhe i financuar nga Ministria e Kulturës dhe Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Në këtë fazë morën pjesë nxënësit e shkollave të mesme “Drita” dhe “Mirko Mileski”.
Edicioni i sivjetshëm u nderua me praninë e zëvendësministrit të Arsimit, z. Lulzim Aliu, i cili theksoi rëndësinë e bashkëpunimit të qëndrueshëm ndërmjet arsimit dhe kulturës si themel për zhvillimin e rinisë krijuese dhe ruajtjen e trashëgimisë shpirtërore.
Punëtoria u zhvillua në fshatin Vraneshticë, të njohur për traditën e poçarisë. Aktivitetet u realizuan nën udhëheqjen e mentorëve: prof. Filip Fidanoski (ideator dhe nismëtar), prof. Lulzime Osmani dhe prof. Mirosllav Krsteski, si dhe me mbështetjen profesionale të mjeshtrit të qeramikës Slobodan Stoleski. Nxënësit patën mundësinë të mësojnë teknikat tradicionale të punimit me baltë dhe të krijojnë vepra autentike që ruajnë dhe përcjellin shpirtin e trashëgimisë sonë kulturore









**Линк:** https://www.facebook.com/photo/?fbid=745604964481189&set=pcb.745618844479801
https://www.facebook.com/photo/?fbid=1313073144155144&set=pcb.1313073307488461

## 17.06.2025 - Изложба на Коста Галиманоски “Ведрина во движење“ / Ekspozita e Kosta Galimanoski-t "Qielstiliteti në lëvizje"

Во фоајето на НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево беше отворена третата самостојна изложба на кичевскиот мајстор-казанџија Коста Галиманоски, со наслов „Ведрина во движење“. Оваа изложба содржеше околу 30–35 експонати изработени претежно од железо и бакар, инспирирани од секојдневниот живот — вклучувајќи фигури како гитарист, мајстор што свири на пијано, диригент, „начнување“, „прослава“ и други мотиви.





Në foajen e INQK “Koço Racin” – Kërçovë, u hap ekspozita e tretë personale e mjeshtrit të bakrit nga Kërçova, Kosta Galimanoski, me titull “Shkëlqimi në lëvizje”. Kjo ekspozitë përmbante rreth 30-35 eksponate të punuara kryesisht nga hekuri dhe bakri, të frymëzuara nga jeta e përditshme — duke përfshirë figura të tilla si një kitarist, një mjeshtër që luan në piano, një dirigjent, “konceptim”, “festim” dhe motive të tjera.





Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.742511461457206&type=3

## 20.06.2025 - Колективна изложба на учениците на ЛУЛУ-АРТ Студио со наслов “Убавината на срцата” / Ekspozitë kolektive e nxënësve të Lulu Art Studio me titull "Buqet Zemrash"

https://www.facebook.com/events/24072557455672192

Во Центарот за култура во Кичево се одржа детската изложба „Убавина на срцата“, проект на НУЦК „Кочо Рацин“ – Кичево, финансиран од Министерството за култура и туризам на РСМ. Настанот ја претстави чистата и искрена креативност на учениците од ЛулуАрт студио, инспирирани од љубовта, пријателството и најубавите чувства што децата ги доживуваат во секојдневниот живот. Изложбата се состоеше од колекција уметнички дела изработени со страст од малите раце на ученици од различни возрасти. Секое дело беше „срце“ само по себе – уникатен израз на внатрешниот свет на децата, од шарени цртежи, дела со хартија, бои, рециклирани материјали, до креативни декорации. Централната тема беше љубовта во нејзините најчисти форми, без разлика дали станува збор за родители, пријатели, природа или домашни миленици. Изложбата ја покани публиката да го види светот низ очите на децата – со едноставност, чувство и оптимизам. „Убавина на срцата“ не претставува само уметничка изложба, туку и порака дека љубовта е најуниверзалниот јазик, а децата се нејзини најдобри амбасадори.

Në Qendrën e Kulturës në Kërçovës u mbajt ekspozita e fëmijëve të Lulu Art Studio me titull "Buqet Zemrash", projekt i INQK “Koço Racin” – Kërçovë, financuar nga Ministria e Kulturës dhe Turizmit e RMV-së.

Ngjarja prezantoi kreativitetin e pastër dhe të sinqertë të nxënësve të LuluArt Studio, të frymëzuar nga dashuria, miqësia dhe ndjenjat më të bukura që fëmijët përjetojnë në jetën e përditshme. Ekspozita përbëhej nga një koleksion veprash artistike krijuar me pasion nga duart e vogla të nxënësve të moshave të ndryshme. Çdo vepër ishte një “zemër” në vetvete – një shprehje unike e botës së brendshme të fëmijëve, nga vizatimet me ngjyra, veprat me letër, bojërat, materialet e ricikluara, deri te dekorimet kreative. Tema qendrore ishte dashuria në format e saj më të pastra, pa marrë parasysh nëse bëhej fjalë për prindërit, miqtë, natyrën apo kafshët shtëpiake. Ekspozita ftoi publikun të shikonte botën përmes syve të fëmijëve – me thjeshtësi, ndjenjë dhe optimizëm. "Buqet Zemrash" nuk është vetëm një ekspozitë artistike, por edhe një mesazh i qartë se dashuria është gjuha më universale, dhe fëmijët janë ambasadorët e saj më të mirë











Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.744899401218412&type=3
Video: https://www.facebook.com/reel/23911240831846210
Web: https://kultura-k.com/sq/2025/06/ekspozite-kolektive-te-lulu-art-studio-buqet-zemrash/

## 27.06.2025 - Концерт на група Калевала насловен “Диес Бона“ / Koncerti i grupit muzikor Kalevala i titulluar „Dies Bona“

Event: https://www.facebook.com/events/741759445036652
(1) “Диес Бона” концерт на групата Калевала | Facebook

Во Центарот за култура „Кочо Рацин“ во Кичево, се одржа концертот насловен **„Диес Бона“** на музичкиот состав **Калевала**. Настанот беше организиран од страна на НУЦК „Кочо Рацин“ и привлече околу 200 посетители. Групата Калевала, позната по својот уникатен стил кој ги комбинира звуците од различни култури, изведе авторски композиции на повеќе јазици, создавајќи атмосфера која ги воодушеви присутните. Како предгрупа, настапи кичевскиот бенд **Феникс**, составен од млади и талентирани музичари, кои со своите изведби го збогатија музичкиот спектар на вечерта. Концертот беше позитивно оценет од публиката, која изрази желба за повеќе вакви музички настани во иднина. Настанот беше документиран со фотографии, кои се достапни на официјалната Facebook страница на НУЦК „Кочо Рацин“ (facebook.com). Овој настан претставува значаен придонес во културниот живот на Кичево и потврда за посветеноста на НУЦК „Кочо Рацин“ во организирањето на квалитетни музички и културни настани.






Në Qendrën e Kulturës “Koço Racin” në Kërçovë, u mbajt koncerti i titulluar **„Dies Bona“** i grupit muzikor **Kalevala**. Ngjarja u organizua nga INQK “Koço Racin” Kërçovë dhe tërhoqi rreth një numës të madh vizitorësh. Grupi Kalevala, i njohur për stilin e tij unik që kombinon tinguj nga kultura të ndryshme, interpretoi kompozime origjinale në disa gjuhë, duke krijuar një atmosferë të jashtëzakonshme që e magjepsi publikun. Si grup paraqitës ishte bendi i Kërçovës **Phoenix**, i përbërë nga muzikantë të rinj dhe të talentuar, të cilët me performancat e tyre pasuruan spektrin muzikor të mbrëmjes.Koncerti u prit shumë pozitivisht nga publiku, i cili shprehu dëshirën për më shumë ngjarje të tilla muzikore në të ardhmen. Ngjarja u dokumentua me fotografi, të cilat janë të disponueshme në faqen zyrtare në Facebook të NUKK “Koço Racin”: facebook.com. Kjo ngjarje përbën një kontribut të rëndësishëm në jetën kulturore të Kërçovës dhe konfirmon angazhimin e NUKK “Koço Racin” në organizimin e ngjarjeve muzikore dhe kulturore me cilësi të lartë.








Photo: https://www.facebook.com/media/set/?set=a.747917437583275&type=3
Media: https://novamakedonija.com.mk/makedonija/republika/kalevala-odrzha-koncert-vo-kichevo-za-site-vkusovi/?fbclid=IwY2xjawL9
Video: https://www.facebook.com/reel/684948674595788/?s=single_unit
https://www.facebook.com/100070950774337/videos/1282930033186191

Директор на НУЦК “Кочо Рацин“ Кичево
Drejtor i INQK “Koço Racin” Kërçovë
Mazllam Osmani

___________________________